**20222363436**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 ноември 2022 година.

Бр. 08-4541/1
3 ноември 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ

Член 1

Во Законот за задолжителни нафтени резерви („Службен весник на Република Македонија“ број 144/14, 178/14, 199/15, 197/17 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19 и 150/21), по членот 36-з, се додаваат нов наслов и нов член 36-ѕ, кои гласат:

„Услови и начин на издавање на краткорочни позајмици и/или отстапување од задолжителните нафтени резерви при постоење на кризна состојба во снабдувањето со топлинска и електрична енергија

Член 36-ѕ

(1) Задолжителните резерви на нафтени деривати може да се користат при прогласена кризна состојба во снабдувањето со топлинска енергија на подрачјето на Град Скопје и во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија кога постои итна потреба од нафтени деривати од страна на јавни претпријатија и други правни лица и институции основани од државата кои вршат соодветна енергетска дејност за извршување на нивните активности утврдени со закон.

(2) Користењето на задолжителните резерви во енергетска кризна состојба се врши со издавање на краткорочни позајмици од одделни видови на нафтени деривати на јавни претпријатија и други правни лица и институции основани од државата кои вршат соодветна енергетска дејност, за извршување на нивните активности утврдени со закон.

(3) Користењето на задолжителните резерви, може да се врши и со отстапување без надоместок на одделни видови на нафтени деривати од задолжителните резерви на јавни претпријатија и други правни лица и институции основани од државата кои вршат соодветна енергетска дејност, за извршување на нивните активности утврдени со закон.

(4) Отстапените нафтени деривати од ставот (3) на овој член може да бидат во количини коишто во текот на календарската година нема да надминуваат 50% од вкупно складираните количини на задолжителни резерви за секој нафтен дериват одделно.

(5) За корисниците трошоците за испорака, видот, количините и намената на нафтените деривати кои се позајмуваат и/или се отстапуваат без надоместок, како и за рокот за враќање на позајмените количини во случаите од ставовите (2) и (4) на овој член, одлучува Владата на Република Северна Македонија.".

Член 2

Одредбите од членот 1 од овој закон ќе се применуваат до денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".